**20161202936**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2016 година.

Бр. 08-3024/1
29 јуни 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ број 42/14, 116/14, 33/15 и 5/16), во членот 47 став (1) во категорија „Б-РАКОВОДНИ РАБОТНИЦИ во организациски единици со надлежност на цела територија на Република Македонија“ во ниво Б1, во колона „Вид на работно место“ алинеја 4 се брише.

Член 2

Во членот 49 став (1) алинеја 1 се брише.

Член 3

Членот 50 се менува и гласи:

„Организацијата и работата на Министерството во која се инкорпорирани актите на Бирото и Управата се утврдуваат со Уредба донесена од Владата на Република Македонија.“.

Член 4

Во членот 51 став (1) се менува и гласи:

„(1) Актот за систематизација на работните места во Министерството, во кој се инкорпорирани актите на Бирото и Управата го донесува министерот со претходна согласност од Владата на Република Македонија.“.

Во ставот (2) зборот „актите“ се заменува со зборот „актот“.

Член 5

Членот 52 се брише.

Член 6

Во членот 126 алинеја 7 точката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова алинеја 8, која гласи:

„ -ги има завршено обуките утврдени за работното место на кое се унапредува.“.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.